РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-1030/2
26.06.2020 год.
КОЧАНИ

Приватна здравствена установа-
Поликлиника од примарна здравствена заштита
ПРЕВЕМЕД
Бр. 0307-0486/20
24.06.2020 год.
СКОПЈЕ 1

# Договор

Склучен помеѓу:

**1. Општина Кочани**, со седиште на ул.„Раде Кратовче“ бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст: **Корисник на услугата)** и

**2.** ПРИВАТНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА-ПОЛИКЛИНИКА ОД ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА **ПРЕВЕМЕД** СКОПЈЕ, со ДБ: 4030006615342 и ЕМБС: 6169473, со седиште на ул. Јани Лукровски бр.3-1 Скопје, депонент, жиро сметка 240040002228990–УНИ БАНКА, застапувано од Филип Богоески (во понатамошниот текст: **Давател на услугата**).

**Член 1**

Предмет на договорот за јавна набавка е:

**Систематски прегледи на вработените во општинската администрација на Општина Кочани за 2020-2022 година**

Предметот на набавката е опишан во спецификацијата, составен дел на тендерската документација за спроведување на Набавка од мала вредност со објавување на Оглас бр.07384/2020 на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 20.05.2020 год.

**Член 2**

Согласно Техничката спецификација и Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Сл. Весник на РМ“ бр. 60/13) потребно е да се извршат следните здравствени прегледи на вработените:

Здравствените прегледи од основниот пакет - стандарден минимум и тоа:

- анамнестички податоци (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза, социјално-епидемиолошки податоци);
- статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна височина и индекс на телесна маса );
- основни лабораториски анализи и тоа: седиментација, крвна слика (еритроцити, хемоглобин, хематокрит, леукоцити, гликемија, холестерол, триглицериди), урина, шекер, протеини, билирубин, уробилиноген, седимент;
- испитување на функцијата на видот (острина на видот за близина и далечина);
- аудиометрија;
- спирометрија;
- ЕКГ (12 одводи );
- радиографија на граден кош – по одлука на лекарот.

**Член 3**

Вкупната вредност за реализација на Договорот, согласно понудата избрана за најповолна, изнесува **88.000,00 денари** без вклучен ДДВ.

Согласно Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените (Службен весник на РМ бр. 60/2013), единечната цена без вклучен ДДВ за извршен здравствен преглед (основен пакет согласно техничката спецификација) по вработен изнесува 800,00 денари без ДДВ и истата е превземена од првична/конечна понуда на Давателот на услугата.

Цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на овој договор

Вистинската вредност на овој договор ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, со уредно потпишан извештај за извршени услуги по лица, се до времетраењето на важноста на истиот .

Систематски прегледи на вработени и ангажирани лица во општинската администрација ќе се вршат за најмногу 110 лица. Корисникот на услугата го задржува правото на менување на вкупниот број на прегледи (заради евентуално намалување/зголемување на бројот на вработени/ангажирани лица, по различни основи).

**Член 4**

Средствата за реализација на договорот за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 год., Програма Е0, ставка 425 и Е00, ставка 425 490.

Плаќањето ќе се врши со доставување на фактура со прилог-извештај за извршени здравствени прегледи, доставени во архивата на Корисникот на услугата, во рок од 60 (шеесет) дена .

Услугата не подлежи на плаќање ДДВ,.

Доколку кон фактурата не е приложен Извештај за извршени здравствени прегледи, истата ќе му биде вратена на Давателот на услугата. Извештајот за извршените здравствени прегледи треба да биде уредно потпишан и заверен од страна на одговорно/овластено лице на Давателот на услугата и одговорно/овластено лице на Корисникот на услугата.

**Член 5**

Услугите ќе се вршат сукцесивно, согласно потребите на Корисникот на услугата, по претходно доставено барање со прилог листа со распоред на вработени за преглед и утврдена динамика усогласена од двете договорни страни.

Давателот на услугата е должен да ја врши услугата предмет на договорот за јавна набавка по барање на Корисникот на услугата, во рок од 15 дена, по добиеното барање во времетраењето на важење на договорот во Кочани, во простории кои ги исполнуваат просторните услови за вршење на здравствена дејност, согласно со прописите за здравствена заштита.

Систематските прегледи, Давателот на услугата треба да ги изврши согласно техничката спецификација, а врз основа на Законот за безбедност и здравје при работа („ Службен весник на РМ “ бр. 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15 и 30/16), Правилникот за постапката за видот, начинот и обемот на здравствените прегледи на вработените ( „Сл.весник на РМ “ бр.171/10) и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за постапката за видот, начинот и обемот на здравствените прегледи на вработените „(Службен весник на РМ“ бр.60/12) и Уредба за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на РМ“ бр.60/13).

**Член 6**

Давателот на услугата се обврзува здравствените прегледи да ги организира, спроведе и изврши стручно, професионално и квалитетно, во соодветни простории, со соодветна опрема и со соодветен кадар.

**Член 7**

Поради сосотојбата со Корона вирусот, при извршување на систематските прегледи, Давателот на услугата ќе мора да се придржува кон донесените мерки од

страна на Владата кои ќе важат во моментот на реализирање на договорот, со цел заштита на вработените од Корона вирусот, односно ќе треба да се користи задолжителната заштитна опрема, држење на растојание, определена динамика и редослед на вршење на прегледите, дезинфекција и сл.

**Член 8**

Извештај и конечното мислење за извршениот систематски преглед на вработениот издава докторот специјалист по медицина на трудот, од овластената здравствена установа од областа на медицината на трудот, на Образец број 4 од Правилникот за постапката за видот, начинот и обемот на здравствените прегледи на вработените ( „Сл.весник на РМ " бр.171/10) Правилник за изменување и дополнување на правилникот за постапката за видот, начинот и обемот на здравствените прегледи на вработените (Службен весник на РМ бр.60/12), Уредба за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените („Службен весник на РМ" бр.60/13).

Извештаите се пополнуваат од страна на докторот специјалист по медицина на трудот, во три примероци од кои, по еден примерок се доставува до работодавачот - договорниот орган и вработениот, најдоцна 15 дена од денот на извршениот здравствен преглед.

По реализираните систематски прегледи, секој вработен поединечно (во затворен коверт) треба да добие Лекарско уверение и Извештај за извршен периодичен/насочен/систематски здравствен преглед, согласно горенаведените Правилник и Уредба.

Носителот на набавката е должен, податоците за здравствената состојба на секој вработен да ги заштити и да ги направи достапни единствено на лицето на кого тие податоци се однесуваат.

**Заштита на лични податоци**

**Член 9**

Обврска за Давателот на услугата е да постапува единствено во согласност со упатствата добиени од страна на Корисникот на услугата и да превзема технички и организациски мерки за да обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци кога тоа е потребно за цели на медицинска превенција, дијагноза, лекување или управување со јавна здравствена установа и се врши од страна на лице чија професија е давање здравствена заштита под заклетва на чување на тајност на податоците за кое дознало во вршењето на неговата професија.

**Член 10**

Во случај на доцнење со извршување на услугите од страна на Давателот на услугата, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во случај на задоцнување со вршење на услугата и во случај на целосно неисполнување на договорот.

Договорната казна за задоцнување со извршување на услугата се определува во висина од 1 % (еден процент) од вкупната вредност на договорот без ДДВ, за секој ден задоцнување, но не повеќе од 14 дена. Во случај на доцнење повеќе од 14 дена, Корисникот на услугата има право да го раскине Договорот со проста Изјава и да бара наплата на договорна казна.

Во случај на целосно неисполнување на овој договор, Корисникот на услугата има право на договорна казна поради целосно неисполнување на договорот во износ од 20% (дваесет проценти) од вкупната вредност на договорот без ДДВ.

Во случите од став 3 и став 4 на овој член Договорниот орган има право и на надомест на штета.

**Член 11**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон квалитетна реализација на договорот, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

**Член 12**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 30 /триесет/ дена.

**Член 13**

Времетраење на важност на овој Договор е 2 (две) години сметано од денот на склучувањето, или до потрошување на вредноста.

**Член 14**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договор за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ако се потпишани од двете договорни страни , и ако се во согласност со ЗЈН и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 15**

За сè што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од ЗОО и другите позитивни законски прописи што важат во РСМ.

**Член 16**

За евентуален спор по овој Договор, ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 17**

Овој договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 2 (два) примерока за Давателот на услугата, а 4 (четири) примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила од денот на склучувањето.

| | |
|---|---|
| **Давател на услугата** | **Корисник на услугата** |
| Приватна здравствена установа-Поликлиника од примарна здравствена заштита **ПРЕВЕМЕД** Скопје | |
| **Одговорно лице,** | **Општина Кочани Градоначалник,** |
| ______________________ | ______________________ |
| **( Филип Богоески )** | **( Николчо Илијев)** |

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Согласен: Раководител на одделение за човечки ресурси - Драган Ананиев*